


# *Исусовиот* ИДЕНТИТЕТ



***„Ме восхитува прекрасната личност на Назареецот“*** (Ајнштајн).

На некои можеби им звучи чудно изјавата на Ајнштајн, бидејќи таков восхит не може да се забележи кај другите луѓе. Кога ќе се слушне црковното ѕвоно, кое повикува на богослужение, тоа кај многумина предизвикува гнев поради бучавата, наместо да го прифатат повикот на богослужение на кое би можеле да се



сретнат со Исус. Во текот на викендот повеќе ни одговара одморот и времето да го поминеме со семејството, да се забавуваме, место претпладне и навечер да учествуваме на предавања, да присуствуваме на некој настан во црквата, да ја читаме Библијата или да се занимаваме со Исусовото учење и живот. Впрочем, кој сè уште оди во црква?

Иако живееме во земја со христијанска традиција и повеќето луѓе околу нас за себе велат дека се христијани, набљудувајќи го општеството, со право може да се запрашаме дали навистина земјата ни е христијанска. Според некои мислења, во минатото сè уште постоела потреба за религија, бидејќи медицината сè уште била во повои, и подобро ќе сте се чувствувале ако сте се помолеле, отколку својата доверба да им ја предадете на здравствените институции. Денеска ни стојат на располагање развиени болници, психолозите ја презеле улогата на свештениците, а за искористување на слободното време медиумите и туристичките агенции имаат многу попривлечни понуди од црквите. Еднаш Исус ни беше потребен затоа што не ги знаевме одговорите на основните животни прашања, но денес многумина мислат дека живеат во потполно поинакви околности.

И **Ниче** вели дека е Бог мртов. **Ла Марк** и **Дарвин** го замениле своето верување во создавањето со верување во еволуцијата. Рајот, ако имаме среќа, можеме самите да си го направиме уште овде на земјата. Некои дури се сомневаат дека Исус воопшто живеел, а не, пак, да му се восхитуваат. Не чувствуваат никаква потреба за него.

## ШТО Е ВИСТИНА?

Да ги разгледаме по ред следните прашања. Да испитаме дали навистина Исус бил историска личност.

Во една ситуација Наполеон рекол: ***„Во суштина, големо прашање е дали тој Исус воопшто постоел?“*** Иако го почитувал Исуса, во оваа реченица тој изразува голема несигурност кон него.

Што е всушност вистина? Дали Исус навистина постоел? Многумина изразиле вакви сомнења, бидејќи, според нив, Библијата не дава автентично знаење за историјата, туку содржи само верски морални учења. Меѓутоа, сомнежите веднаш исчезнуваат штом ќе ги истражиме изворите во врска со Исус надвор од Библијата. Што напишале за Исус историчарите, Исусовите современици, книжевните творци и други извори.

Следните цитати ни даваат одговори на тие прашања.



**Корнелиј Тацит**, римски историчар (роден во 55 година пред нашата ера), во своите списи јасно и недвосмислено зборува за Исусовата личност во историјата. За христијаните пишува: „Во текот на владеењето на Тибериј, Понтиј Пилат го погубил Исус, од кого потекнува името на христијаните“ (Анали XV, 44).

**Лисанија**, писател од вториот век, потврдува: „Исус Христос, распнатиот човек од Палестина, кој вовел нови мистични работи во овој свет...“ (Лисанија 2/9 том).

### *И следните извори го именуваат Исус:*



**Јосиф Флавиј**, еврејскиот историчар (роден во 37 година пред нашата ера), во својата книга „Историја на Евреите“ на 451 страница.



**Светониј**, писател на римската историја во 120 година. (Светониј, Биографија на царевите; Клаудиј 16).



**Плиниј постариот**, гувернер на покраината Витинија, во 112 година му пишува на императорот Трајан, барајќи совет во врска со христијаните и го споменува Исусовото име. (Писма X. & Plinius Secundarius/ 423).

**Дополнителни извори:** Тертулијан, 197: Талус, историчар со потекло од Самарија; Писмото на Мар Бар-Серапион; Маченикот Јустин; Еврејскиот талмуд...

Покрај овие, и многу други го споменувале Исус. Неговото име излегува на површина и во многубројните современи документи на тоа време, кои јасно потврдуваат дека Исус Христос бил јасна историска личност која навистина постоела.

### *По чекорите на вистинскиот Месија*

Значењето на зборот Месија е „помазаник“. Така, во времето на Стариот завет го нарекувале ветениот Спасител. Месија, Спасителот, бил пратен од Бога како цар, помазан пророк и свештеник кој требало да им донесе спасение на луѓето. И денес има многу луѓе кои чекаат ова ветување да се исполни во иднината и сметаат дека, при доаѓањето на Месија, заедно со неговиот народ Израел, ќе се основа земја на правда и мир.






Многумина го гледаат исполнувањето на ова ветување во Исус Христос. Убедени се дека Исус не бил само историска личност, туку ветениот Месија, Божјиот пратеник.

Христијаните во раните години го проповедале овој факт со такво убедување што не само Евреите туку и мноштво пагани го прифатиле Христа за Месија, Спасител и господар, станувајќи на тој начин христијани. Зборот христијанин, според изворниот грчки збор значи „следбеник на Исус Христос“.



Библиските пророци, со векови однапред го најавиле Исусовото доаѓање, Неговата служба, жртвата, воскресението...

Верата на христијаните имала свој темел, бидејќи во Стариот завет може да сретнеме повеќе стотици пророштва поврзани за Месија. Извонреден е фактот што неговиот живот не е опишан веднаш по Неговата смрт, туку векови пред тоа од страна на пророците. Овие пророштва се толку детални и одредени, при што е невозможно да се најде обичен човек за кого сè што ќе биде речено однапред ќе се овистини. Некои од пророштвата се толку конкретни со што се исклучува која било личност што живеела по првиот век. Исус Христос го исполнил секој детал од овие пророштва.

Во иста мера тоа се однесува и на Неговото Божествено потекло, бидејќи не би било можно векови однапред да се опишат деталите од Неговиот живот. Некој ги открил за да му помогне на човекот да го открие Месија.

Според 1. Мојсеева 49,10 патријархот Јаков вели: „Нема да се оддалечат од Јуда: ни царското жезло, ниту владетелската палка од кај неговите нозе, додека не дојде Оној, кому му припаѓа, кому ќе му се покорат народите“. Оној кому му припаѓа законот го означува Месија, а пророштвото најавува дека Јудиното племе ќе биде водечко во Израел, и дека од него ќе бидат избирани царевите до доаѓањето на Месија. Тоа значи дека пророштвото морало да биде исполнето пред уништувањето на Јудеја и Ерусалим во 70 година од нашата ера, кога царското жезло ќе биде истргнато од раката на Јудеја.

Царот Давид добил ветување дека еден од неговите потомци ќе биде ветениот Месија. Тој ќе биде вечен цар за кого Бог објавил: „Јас ќе го зацврстам неговиот престол засекогаш“ (2. Самоилова 7,13).

Исаија вели: „Ќе изникне фиданка од Јесеевите пенушки (Јесеј е таткото на Давид); стебло ќе никне од нејзиниот корен“ (Исаија 11,1). И ова име го означува Месија и покажува дека Тој може да се појави кога семејното стебло на Давид ќе почне да изумира, бидејќи фиданката може да никне само од коренот. Станува јасно дека последниот човек кој потекнува од овој генеалошки огранок е токму Месија.

Сето ова е исклучителна вистина која се однесува на Исус. Неговиот земен татко Јосиф, потекнува од семејството на цар Давид, така што можел да претендира на царскиот трон. Неговата мајка Марија исто така била потомок на цар Давид, како што покажува Исусовата генеалогија во Лука 3,23-31. По времето на Исус никој не може за себе да тврди дека е легитимен или биолошки потомок на Давидовиот трон, бидејќи сите стари генеалошки документи биле уништени.

Уште поисклучително пророштво од ова може да сретнеме во книгата на Даниел 9,24-27. Овде Даниел добива непосредно откровение дека Месија ќе се појави по 69 „пророчки седмици“ (односно 483 години - бидејќи еден ден означува една година - Езекиел 4,6), откако ќе биде издаден декрет да се обнови градот Ерусалим, кој претходно бил претворен во урнатини од страна на царот Навуходоносор. Оваа одлука за обновувањето ја донел Артаксеркс Лонгман во 457 година пред Христа.

Значи, почнало одбројувањето, бидејќи според Даниел, од издавањето на декретот до доаѓањето на Месија требало да поминат точно 483 години. Значи, Месија требало да се појави на сцена во 27-та година од нашата ера. Според историските извештаи Исусовата работа за-

почнала по Неговото крштевање, кое воедно претставувало и Негово помазание за служба. Во 15-та година од владеењето на царот Тибериј, Јован Крстител го крстил Исус. Тибериј почнал да владее во 12-та година од нашата ера (Лука 3,21.22). Петнаесеттата година на владеењето паѓа во 27-та година од нашата ера.

Пророштвото точно се исполнило.

Даниел уште додава дека во половина на последната седмица (во пророштвото една седмица означува седум години, значи по три и пол години) ќе се укине жртвата и приносот, односно помазаникот ќе биде убиен и ништо нема да му остане. По три и пол години служба Исус навистина умрел на крстот, со што завршиле старозаветните жртви кои укажувале на Неговата смрт.

Станува јасно дека овие пророштва само Исус можел да ги исполни, што во истовреме ја исклучува можноста од појавувањето на друг месија. Се разбира, би можеле да наброиме уште стотина пророштва кои се исполниле со појавувањето на Исус: зачнување на девица (Исаија 7,14); раѓањето во Витлеем (Михеј 5,2); смртта како жртва (Исаија 53,5); смртта на крстот (Псалм 22,14-18); воскресението (Псалм 16,10) и многу други. Сите заедно сведочат дека Исус Христос е Божјиот син (Јован 10,31).

Веројатноста толку конкретни независни пророштва да се исполнат во една личност на прв поглед изгледа неверојатно. Тоа станува вистинито особено при пророштвата кои по својот домен се граничат со чудесното, како на пример: зачнувањето на девица, воскресението итн.

Ако размислуваме со здрав разум, не може да донесеме друг заклучок освен тој дека Исус бил оној кој навистина тврдел дека е: Месија, Спасител и Бог.

Пророштвата го убедиле познатиот научник Блез Паскал во веродостојноста на Библијата, дека Исус е вистинскиот Месија. Тој вака пишува: „Гледам различни контрадикторни религии кои се лажни, освен една која не е. Секоја религија се повикува на својот углед, бара сите да веруваат во неа заканувајќи им се на оние што не веруваат. Врз основа на ова не им верувам, бидејќи тоа секој може да го тврди. Секој може да тврди дека е пророк. Но исто така гледам дека во христијанската религија има многу исполнети пророштва, кои не можат да се сретнат во ниедна друга религија“ (Блез Паскал: Мисли, фрагмент 693).



За мнозина, доаѓањето на Исус било како изгревање на сонце после долга и мрачна ноќ - Исус ги лечи болните од лепра.

## КАКО ЖИВЕЕЛ ИСУС?

Исус на почетокот на својата служба во градот Назарет проповедал и јасно ја објавил целта на своето доаѓање:

*„Господовиот Дух е на Мене, зашто ме помаза и Ме испрати да им проповедам на бедните; да ги исцелам покаените по срце, да им навестам на заробениците, дека ќе бидат пуштени, на слепите дека ќе прогледаат; Да ги пуштам на слобода напатените, и да ја навестам благопријатната година Господова“ (Лука 4,18.19).*

Исусовиот живот го обележувала служба полна со љубов. Љубезност, љубов кон луѓето и сочувство се гледале на секој чекор во Неговите зборови, чуда и во целокупната работа.



**Исус покажал дека има власт дури и над смртта** - со вџашеност луѓето го гледаат воскреснатиот Лазар како излегува од гробницата.

„Верувам дека никој не е попрекрасен, подлабок, посочувствителен и посовршен од Исус... Не само што никој не може да се спореди со Него, туку никој никогаш не може да биде налик на Него“ (Достоевски).

### Им го враќал видот на слепите

*„А кога дојде во куќата слепите му пристапија, а Исус им рече: 'Верувате ли дека можам да го направам тоа?' Му рекоа: 'Да, Господи!' Тогаш ги допре нивните очи велејќи: 'Нека ви биде според вашата вера'. И очите им се отворија. И Исус им заповеда строго: 'Гледајте никој да не дознае за тоа!'“ (Матеј 9,28-30)*



### Ги чистел лепрозните од нивната страшна болест

*„И ете, еден лепрозен му пристапи и падна пред Него ничкум, велејќи: 'Господи, ако сакаш можеш да ме исчистиш'. Тогаш Исус ја испружи својата рака и го допре велејќи. „Сакам! Биди исчистен!' И веднаш се исчисти неговата лепра“ (Матеј 8,2.3).*

### Воскреснувал мртви

Кај портите на градот Наин Исус сретнал погребна поворка. Вдовица си го погребувала синот. *„А кога Господ ја виде, се сожали на неа и ѝ рече: 'Не плачи!' Тогаш се приближи и го допре носилото - носителите пак застанаа и рече: 'Момче, тебе ти зборувам, стани!' Мртвиот седна и почна да зборува; и Тој го предаде на мајка му. И страв ги опфати сите, и го славеа Бога и велеа: 'Голем пророк се јави меѓу нас' и 'Бог го посети својот народ'“ (Лука 7,13-16).*

### Ја стивнал бурата на морето

*„И дојдоа и го разбудија велејќи: 'Учителе, Учителе! Загинуваме!' А Тој се разбуди, им се закани на ветерот и на брановите и тие се смирија, па настана тишина. А ним им рече: 'Каде ви е верата?' А тие, уплашени, се чудеа и си рекоа еден на друг: 'Кој е овој што им заповеда на ветровите и на водата, и Му се покоруваат?'“ (Лука 8, 24.25)*

Мноштвото го следело, го барале Неговото друштво, болните во доверба доаѓале кај Него, не барал да му платат ниту да му благодарат за Неговата служба, несебично ја имал пред себе потребата на другите луѓе, и без оглед на нивната социјална или општествена положба им помагал на сите. Неговиот живот и историја, векови подоцна импресионира милиони луѓе и мноштво мислители бидејќи Неговата големина, љубезност и власт биле единствени. Големиот Гете вака го искажал тоа:

***„Сметам дека Евангелијата се потполно автентични, бидејќи имаат одраз на моќен господар воoбличен во Христовата личност; и тоа е неизстина божествено, ако воопшто некогаш се појавило божественото на земјата... Во секој случај, каков било напредок на човечкиот дух во интелектуалната култура и во природните науки, по обемот и длабочината никогаш нема да ја надмине возвишеноста и моралното воспитување на христијанството кое свети низ вековите“*** (Гете, Разговори со Екерман, III).

## *Што подучувал Исус?*

Го прогласил доаѓањето на новата земја која се темели врз начела кои се сосема поинакви од начелата на земските држави. Го проповедал Божјото царство, што значело дека Бог, сочувствителен и полн со љубов, му се приближил на човекот до таа мера што секој можел да го искуси. Ако некој го бара Божјото царство, може во својот живот да ја искуси Неговата нежна присутност како небесен знак на Неговата љубов. Неговиот



живот ќе се промени, ќе исчезне немирот, спокојство ќе се всели во душата, а надеж ќе се огледа во секој нов ден. Еден психијатар вака го оформил своето мислење за Исус:

*„Ако за темата на менталното здравје ги собереме статиите издадени во сите времиња, ако ги придружиме, фокусираме и го отстраниме вишокот зборови, ако ја оставиме суштината без никакви украси и ако овие парчиња беспрекорно знаење со помош на најталентираниот поет ги преточиме во зборови, ќе добиеме несовршен и непотполн преглед на Беседата на гората, сосема неспоредлив со оригиналот... Тоа е вистинскиот рецепт за оптимистичен, задоволен и успешен човечки живот“ (Ј. Т. Фишер, психијатар).*

Трагајќи по живот полн со оптимизам и надеж, во секое време имало луѓе кои го наоѓале Исус. Во рецитации, песни и серии книги се пишува за тоа дека луѓето не само што ја барале туку и ја нашле вистинската смисла на животот. Запознавањето на Исус донело радост и среќа во нивниот живот.

## *Дали може да се постави прашањето, за потребата од Исус во 21 век?*

Сведоци сме за огромниот напредок во техниката. Патуваме во вселената и можеме да се гордееме со големите научни достигнувања. Огромното знаење на човекот воопшто не го смалило копнежот на човековото срце за среќа, исполнет живот, љубов, мир и прифатеност. Со развојот на техничките достигнувања пораснале страдањата и болката на луѓето. Изгледа дека човекот не може да го најде клучот за среќата и решението на сите свои проблеми. Напротив, изгледа дека грижите сè повеќе се умножуваат. Меѓутоа, Исус и во денешно време му е достапен на човекот. Тоа е новиот начин на живот, кој самиот го претставил, подучувал за него и го ширел. И денес го покажува патот кон оптимистичен, нормален, задоволен и успешен човечки живот. Ако некој го пронајде таквиот живот, заедно со Тенисон може да воскликне:

***„Она што за розите претставува сонцето, тоа за мене е Исус“.***

Вреди уште денес да се свртиме кон Исуса Христа и да го побараме!

Лекција бр. 7

серија **„Трагите водат кон Бог“** Одговорен уредник: **Михајло Гурев** | Јазична редакција: **Томислав Треневски**
Дизајн: **Лазар Томовски** | Издава: **АИК „Знаци на времето“** П. фах 215, 1000 Скопје
Печати: **Аркус дизајн** | За дополнителни информации пишете ни на **tragite@yahoo.com** или јавете се на **071 / 569 076**
**www.adventisti.org.mk www.znacinavremeto.mk**